РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх. бр. 02-1109/4
Дата 19.06.2025год.

Врз основа на член 57 точка 22 од Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје (Унив. гласник бр. 443 од 09.10.2019год), член 324 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр. 425 од 28.06.2019год.), а согласно член 175 став 1, точка 6 од Законот за високо образование (Сл.весник бр.82 од 08.05.2018год. и сите последователни измени), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 19.06.2025год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. м-р Ненад Анчев се избира во звањето асистент во наставно-научната област Компјутерски науки на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, согласно оцената во рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “бр. 1331 од 01.06.2025 год. (стр. 278-281).
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

На конкурсот објавен на 17.04.2025год. во весникот „Нова Македонија“ и на 16.04.2025год. во весникот „Коха“ за избор на асистент во наставно-научната област Компјутерски науки, се пријави кандидатот м-р Ненад Анчев, кој во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, именуваниот/та, сметководство, персонално досие

Декан
проф. д-р Боро Јакимовски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје * Република Северна Македонија * Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје *

Изработил: м-р Валентина Трајанова, Рак.на Оделение за правни и општи работи
Одобрил: м-р Игор Цветановски, Секретар